РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18 – 12842/1
13 -11- 2020 20 ___ год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), министерката за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на
## ЈАВЕН ПОВИК
## за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реновирање на училишни објекти на општински основни и средни училишта и средни училишта под надлежност на Градот Скопје со средства од Буџетот на Министерството за образование и наука

1.Министерството за образование и наука објавува **Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реновирање на училишни објекти на општински основни и средни училишта и средни училишта под надлежност на Градот Скопје со средства од Буџетот на Министерството за образование и наука.**

2. Јавниот повик од точка 1 на ова решение се објавува на официјалната интернет страна на Министерството за образование и наука.

3. Начинот на поднесувањето на апликациите и потребната документација се утврдени во Јавниот повик.

4. Критериумите за оценувањето на поднесените апликации се утврдени во Јавниот повик.

5. Врз основа на критериумите за оценувањето на поднесените апликации утврдени во Јавниот повик, оценувањето (бодирањето) и рангирањето на апликацоте (барањата) за финансирање на проекти за реновирање на училишни објекти на општински основни и средни училишта и средни училишта под надлежност на Градот Скопје, го вршат комисии, формирани од министерката за образование и наука.

6. Изборот по поднесените апликации на Јавниот повик ќе се врши врз основа на направено рангирање од страна на комисиите од точка 5 на ова решение.

7. Работните задачи на комисиите од точка 5 на ова решение и роковите за постапување ќе бидат утврдени со решението за формирање на комисиите.

8. Резултатите од рангирањето на проектите по пристигнати и неодбиени апликации (барања), се објавуваа на официјалната интернет страна на Министерството за образование и наука www.mon.gov.mk.

Scanned with CamSc

9 Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Министерството за образование и наука.

10.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Министерка,
Мила Царовска

Изработил:Милка Масникоса
Согласен: Маја Бичиклиска

Scanned with CamSc